Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

Александра С
06-05-2021

**Архивски број:** 14-1585/2
Скопје 09-04-2021 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 29.03.2021 година во архивата на Министерството за економија пристигна Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-1585/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

- Информација во врска со четвртиот сет на економски мерки за справување со последиците од КОВИД-19 донесени од Владата, кога и каде беше објавен јавниот повик за издавање на грантови за лиценцирани туристички агенции?
- Колку време траеше јавниот повик?
- Колку од нив се прифатени, колку одбиени?
- Кој го вршеше изборот?
- Доставете копија од актот со кој е формирана комисијата која го вршеше изборот.
- На кој начин беа утврдени критериумите за добивање на грант?
- Кои туристички агенции добија грант (со износ одделно за секоја туристичка агенција)?

По однос на Вашето доставено Барање ве известуваме:

- Во врска со четвртиот сет на економски мерки за справување со последиците од КОВИД-19 донесени од Владата, Јавниот повик за издавање на грантови за лиценцирани туристички агенции беше објавен на ден 16.11.2020 година, на веб страната на Министерството за економија.

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија** | **Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

- Јавниот повик траеше во период од 16.11.2020 година до 28.11.2020 година и истиот дополнително беше продолжен до 04.12.2021 година .
- Преку онлајн платформа беа поднесени вкупно 339 апликации, 276 апликации се одобрени и за истите се исплатени средства во износ од 79.820.000,00 денари, а 63 апликации се одбиени, од кои 55 се одбиваат поради некомплетна документација и истите се известени за да ја комплетираат апликацијата/барањето и повторно да достават апликација/барање и 8 се одбиени бидејќи не ги исполнуваат условите согласно јавниот повик.
- Изборот го вршеше Комисијата за имплементација на Јавниот повик за издавање на грантови за игротеки со архивски број 04-6559/1 од 16.11.2020 година, донесено од министерот за економија.
- Критериумите за добивање на грантови за лиценцирани туристички агенции беа утврдени во Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година (Сл. Весник на РСМ бр. 269/20) и Јавниот повик за издавање на грантови за лиценцирани туристички агенции.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ